СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22 Скопје, сабота 7 август 1948 год. Год. IV

Ракописите се испрак'аат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" Пошт. фах 51 Скопје и не се врак'аат

Цена на овој број е 4 динари. Претплатата за цела година 250 дин. за едно полугодие 125 динари

**158**

### УКАЗ

Врз основа чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонија и чл. 4 ст. 1 од Законот на набор на одборници за народни одбори а во врска со чл. 5 т. 25 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија го донесе следниот

**УКАЗ**
**ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ОДБОРНИЦИ ЗА РЕОНСКИТЕ НАРОДНИ ОДБОРИ НА ГР. СКОПЈЕ**

1. Се распишуваат избори за избор на одборници за сите четири реонски народни одбори на гр. Скопје.

2. Изборите за реонските народни одбори на гр. Скопје к'е се одржат во недела на ден 5 септември 1948 година.

3. Спроведувањето во живот на овој Указ има да започне на ден 1 август 1948 година, т. е. од тој ден има да се смета рокот за поднесување и потврдување на кандидатски листи, предвидени во чл. 33 од Законот за избор на одборници за народните одбори, како и роковите за сите други постапки во врска со предниот Закон.

У. Бр. 7

Скопје, 31 јули 1948 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар: КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ, с. р.

Претседател: БОГОЈА ФОТЕВ, с. р.

**159**

Врз основа чл. 7 ст. 1 од Законот за административно-територијалната подела на Народна Република Македонија а во врска со чл. 5 т. 25 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија го донесе следното

### РЕШЕНИЕ
**ЗА ПОДЕЛУВАЊЕ ГР. СКОПЈА НА ЧЕТИРИ РЕОНА**

1. Првиот реон на гр. Скопје се поделува во два реона кои што к'е се викаат: Први и Втори реон.

2. Вториот реон на гр. Скопје се поделува дво два реона кои што к'е се викаат: Трети и Четврти реон.

3. Секој реон к'е има свој народен одбор.

4. Називите и границите на реоните к'е бидат истите како што беа преди донесувањето на Решението Р. Бр. 2 од 15 II 1947 год. со кое што беа соединети дотогашните четири реона.

5. Со влегувањето во сила на оваа Решение престанува да важи Решението Р. Бр. 2 од 15 II 1947 год. отпечатено во Службен весник на НРМ бр. 5 од 19 II 1947 година.

6. Оваа Решение влегува во сила од денот на неговото потпишување.

Р. Бр. 1

Скопје, 31 јули 1948 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар: КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ, с. р.

Претседател: БОГОЈА ФОТЕВ, с. р.

**160**

Врз основа чл. 19 ст. 1 и 3 и чл. 17 од Законот за избор на одборници за народните одбори а во врска со чл. 5 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, земајк'и го во предвид бројот на жителите како и сложеноста на стопанските, културните и другите локални односи во долу наведените реони, го донесе следното

### РЕШЕНИЕ
**ЗА БРОЈОТ ЗА ОДБОРНИЦИТЕ НА РЕОНСКИТЕ НАРОДНИ ОДБОРИ НА ГРАД СКОПЈЕ**

I. Бројниот состав на народните одбори за реоните на град Скопје се определува и тоа:

1. за Народниот одбор на I реон 65 одборници;
2. за Народниот одбор на II реон 60 одборници;
3. за Народниот одбор на III реон 55 одборници; и
4. за Народниот одбор на IV реон 55 одборници.

II. На изборите за реонските народни одбори распишани за 5 септември 1948 година со Указ на Президиумот на Народното собрание на НРМ У. Бр. 7 од 31 јули 1948 година, ве реонските народни одбори на град Скопје к'е се избира горе определениот број на одборници.

Р. Бр. 2

Скопје, 31 јули 1948 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар: КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ, с. р.

Претседател: БОГОЈА ФОТЕВ, с. р.

**161**

### НАРЕДБА

На Извршниот одбор на Околискиот народен одбор на град Куманово за распишување на избори во една изборна единица во село Клечевце, кумановска околија.

Врз основа на чл. 8 во врска со чл. 10 став 2 од Законот за избор на одборници за народни одбори, Извршниот одбор на Околискиот народен одбор на град Куманово, ја донесува следната

НАРЕДБА

Се распишуват избори на 1 септември 1948 година за едно одборничко место во Околискиот народен одбор на град Кумановo во I-ва изборна единица на село Клечевце, околија кумановска.

Оваа Наредба да се објави во „Службен весник на НРМ".

Бр. 11222 од 16 VII 1948 година.

Од Извршниот одбор на Околискиот народен одбор на град Куманово

## 162

Врз основа на т. 1 од Решението за одредување нежитородните подрачја и продавањето пченка на земеделците од тие подрачја по врзаната трговија („Службен лист на ФНРЈ" бр. 27/48 год.) издавам следно

## РЕШЕНИЕ

за изменение и дополнение на Решение бр. 6702 од 21 IV 1948 година ова министерство за одредување околии и места во поедини околии како нежитородните подрачја на територијата на НР Македонија.

1.

Точка 1 под 1) од решението на ова Министерство бр. 6702 од 21 IV 1948 год. се дополнува и гласи:

„1. ОКОЛИЈА БЕОГРАДСКА:

Берово, Пехчево, Чифлик, Негрево, Владимирово, Русиново, Ратово, Црник, Смојмирово, Митрашинци, Будинарци, Мачево, Робово, Умлека и Двориште.

2.

Точка 1 под 10/ од истото решение се изменува и дополнува и гласи:

„10. ОКОЛИЈА КИЧЕВСКА:

Кичево, Осој, Раштани, Кнежино, Иванчиште, Ехловец, Извор, Клековец, Малкоец, Душугубица, Долни Добреноец, Горни Добреноец, Лавчани, Јаворец, Пополжани, Видрани, Бржани, Јудово, Свиниште, Козица, Белеца, Црско, Големо Црско, Велмевци, Простране, Цер, Србјани, Другово, Манастирско, Долeнци, Карбунесци, Врнешница, Горно Вигор-Доленци, Кладник, Челепеци, Лисичани, Миокази, Орланци, Речани, Световрача, Работино, Дупјани, Козичино, Крушица, Патеец, Странци, Мамудовци, Горани, Лазаровци, Премка, Шутово, Осломеј, Црвивци, Жубрино, Србица, Ново Село, Арангел, Туми, Јаган, Јаг'ал, Доленци, Поповјани, Папрадиште, Бериково, Зајас, Горно Стргомиште, Долно Стргомиште, Вукоичани, Мидинци, Копари, Тајмиште, Длапкиндол, Трапчиндол, Колибари, Грешница, Лешница, Вачиште и Речани.

3.

Точка 1 под 15. од истото решение се изменува и дополнува и гласи:

„15. ОКОЛИЈА ОХРИДСКА:

Велестово, Шипокно, Трпејца, Велгошти, Рамне, Лескоец, Сребатино, Речица, Свиниште, Плако, Оленица, Завој, Куратица, Сирула, Брежани, Песочина, Црвена Вода, Спатина, Мраморец, Сливово, Арбиново, Годивје, Дактиње, Врбани, Пештани, Елжани и Коњско.

4.

Точка 1 под 21. од истото Решение се дополнува и гласи:

„21. ОКОЛИЈА СТРУШКА:

Ново Село, Дјепин, Маспоземци, Песна, Волоица, Драбочина, Врчево, Збажди, Ржаново, Присовјани, Лешов, Горно Нерези, Долно Нерези, Безово, Писиупштина, Јабланица, Лаковица, Лабунишне, Подгорци, Боровец, Вевчани, Октиси, Вишна, Горна Велица, Тамурипиште, Заграчани Франово, Мали Влаш, Роддождане, Струга, Драслајца, Моролиште, Велниште, Лозани, Видзево, Ливада, Делогожда, Коросиште, Горно Татеси, Долно Татеси, Велеште, Добовјани, Долно Велица, Радолиште, и Калиште".

Ова Решение стапува на сила веднаш.

Бр. 10572, 28 VII 1948 год., Скопје

Министер:
А. КАНЕВЧЕ, с. р.

## 163

Врз основа чл. 2 во врска со чл. 6 од Уредбата на Владата на ФНРЈ — за работнички техникуми (Службен лист на ФНРЈ — бр. 96 од ноември 1947 год.) во согласност со Комитетот за средњи и нижи стручни училишта и курсеви на Владата на НРМ — донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСНИВАЊЕ РАБОТНИЧКИ ТЕХНИКУМ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВО

1) Се основа Работнички техникум на Министерството за индустрија и рударство, со седиште во Скопје.

2) Работничкиот техникум има два отсека:

а) Електро-машински и

б) Хемиско-технолошки.

3) Издршката на Работничкиот техникум паѓа на терет на претсметката на приходите и расходите на Министерството за индустрија и рударство.

4) Ова Решение влегува во сила веднаш.

Број 9180, 29 јули 1948 год. Скопје

Министер за индустрија и рударство
Инж. Г. ВАСИЛЕВ, с. р.

## 164

Врз основа на чл. 3 од Уредбата на Владата на ФНРЈ — за цените на земјоделските производи во слободно продавање („Службени лист на ФНРЈ" бр. 57/48) издавам следна

## НАРЕДБА

### ЗА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО СЛОБОДНОТО ПРОДАВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА НАРОДНАТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1.

Земјоделците-производители, земјоделските задруги и другите производители на земјоделски производи на подрачјето на Народна Република Македонија ќе ги продават своите производи по следните највисоки цени и то како следи:

1. — ГРАШОК ВО ЗРНО:

а) Во градовите Скопје, Битола и Тетово по цена до — — — — — — 20 дин. за 1 кгр.

б) Титов Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Штип по цена до — — — — — 18 дин. за 1 кгр.

в) Во градовите Струмица и Гевгелија по цена до — — — — — — — 16 дин. за 1 кгр.

г) Во останатите места и околиите по цена до — — — — — — — — 18 дин. за 1 кгр.

2. — ГРАШОК ВО МЕУНИ:

а) Во градовите Скопје, Битола, Тетово, Титов Велес, Куманово и Штип по цени до — — — — — — — — 5 дин. за 1 кгр.
б) Во градовите Струмица и Г'евг'елија по цена до — — — — — — 4,5 дин. за 1 кгр.
в) Во останалите места и околии по цена до 5 дин. за 1 кгр.

3. — БОРАНИЈА (ГРАВ ВО МЕУНИ):

а) Во градовите Скопје, Битола, Тетово, Охрид, Прилеп и Штип по цена до 8 дин. за 1 кгр.
б) Во градот Куманово по цена до — — 7 дин. за 1 кгр.
в) Во градовите Струмица, Титов Велес и Г'евг'елија по цена до — — — — 6 дин. по 1 кгр.
г) останалите места и околиите по цена до 8 дин. за 1 кгр.

4 — МЛАД КРОМПИР:

а) Во градовите Скопје, Битола и Охрид по цена до — — — — — — — 18 дин. за 1 кгр.
б) Во градовите Титов Велес, Струмица, Штип, Прилеп и Г'евг'елија по цена до — — — — — — — 17 дин. за 1 кгр.
в) Во градовите Куманово, Тетово, Гостивар, и Берово по цена до — — — 16 дин. за 1 кгр.
г) Во останалите места и околиите по цена до — — — — — — — — 18 дин. за 1 кгр.

5. — КРОМИД.

а) Во градовите Титов Велес, Струмица, Охрид, Штип и Г'евг'елија по цена до 5 дин. за 1 кгр.
б) Во градовите Скопје, Битола, Куманово, Прилеп, Тетово и Гостивар по цена до 4 дин. за 1 кгр.
в) останалите места и околиите по цени до — — — — — — — — — 5 дин. за 1 кгр.

6. — МЛЕКО:

а) Во град Скопје овчо-планинско по цена до — — — — — — — — 21 дин. за 1 кгр.
овчо-полско по цена до — — — 19 дин. за 1 кгр.
кравјо по цена до — — — — 17 дин. за 1 кгр.
козјо по цена до — — — — — 14 дин. за 1 кгр.
б) Во градовите Битола, Куманово, Штип, Охрид, Прилеп, Титов Велес, Тетово и Струмица овчо-планинско по цена до — — — — — — — 18 дин. за 1 кгр.
овчо-полско по цена до — — — 16 дин. за 1 кгр.
кравјо по цена до — — — — — 14 дин. за 1 кгр.
козјо по цена до — — — — — 11 дин. за 1 кгр.
в) Во останалите места и околиите овчо-планинско по цена до — — — — 16 дин. за 1 кгр.
овчо-полско по цена до — — — — 14 дин. за 1 кгр.
кравјо по цена до — — — — — 13 дин. за 1 кгр.
козјо по цена до — — — — — 10 дин. за 1 кгр.

2.

Согласно чл. 6 од Уредбата за цените на земјоделските производи во слободно продавање — лицата што продават земјоделски производи преку напред определените цени на тржници, пазаришта и други места одредени за продавање земјоделски производи к'е се казнат со парична казна од 100 до 5.000 динари.

Исто така, ако се продават земјоделските производи на други места, сторителот к'е се казни со парична казна до 50.000 дин. или со поправителна работа до три месеци, доколку работењето не преставува кривично дело по прописите од Законот за сузбивање на непозволена спекулација и стопанска саботажа.

3.

Оваа Наредба стапува на снага веднаш.
Број 10124 од 14 јули 1948 год., Скопје

Министер за трговија и снабдување на НРМ.
А. КАНЕВЧЕ, с. р.

## 165

Врз основа на т. 1-ст. 3 од Наредбата на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ за одредување на почеток на обврзниот откуп на белите жита издавам следна

### НАРЕДБА

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПОЧЕТОКОТ НА ОБВРЗНИОТ ОТКУП НА БЕЛИТЕ ЖИТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1.

Обврзниот откуп на белите жита во поедини околии на подрачјето на Народна Република Македонија к'е започне и к'е се заврши заклучно во долунаведените срокови и то:

1) Во околијата г'евг'елиска откупот к'е започне на 26 VII а к'е се заврши на 10 VIII 1948 год.
2) Во околиите: кочанска, радовишка, струмичка и титов-велешка откупот к'е започне на 26 VII а к'е се заврши на 20 VIII 1948 год.
3) Во околиите: тиквешка и штипска откупот к'е започне на 26 VII а к'е се заврши на 31 VIII 1948 г.
4) Во околиите: бродска и г'орче петровска откупот к'е започне на 1 VIII а к'е се заврши на 15 VIII 48 г.
5) Во околиите: гостиварска, дебарска, демир хисарска и тетовска откупот к'е започне на 1 VIII а к'е се заврши на 20 VIII 1948 год.
6) Во околиите: беровска, кичевска, кратовска, кривопаленечка, крушевска, кумановска охридска, светониколска, скопска, струшка, царево селска и ресенска откупот к'е започне на 1 VIII а к'е заврши на 31 VIII 1948 год.
7) Во околиите битолска и прилепска откупот к'е започне на 1 VIII а к'е се заврши на 10 IX 1948 год.

2.

Околиските народни одбори можат-држејк'и се стриктно во рамките на напред под 1-определени им срокови да определат срокови за почетокот и свршетокот на откупот во подрачните месни народни одбори.

3.

Сроковите наведени под 1-од оваа Наредба се НЕПРОДОЛЖИВИ.

Секое прекршение на истите повлекува одговорност по чл. 19 од Уредбата за откуп на житарици во економската 1948/49 година.

4.

Се задолжуваат извршните одбори на околиските народни одбори строго да се придржуваат по прописите од оваа Наредба и со содржината на истата да го запознаат населението од своето подрачје.

5.

Оваа Наредба стапува на снага веднаш.
Бр. 10104 од 14 јули 1948 год. Скопје

Министер за трговија и снабдување на НРМ
А. Каневче с. р.

## 166

Врз основа на т. 2 од Напатствието за задолжителна продажба на ушурот од вршачките и за контрола на вршењето („Службен лист на ФНРЈ") Бр. 47/48 година, издавам следното

### НАПАТСТВИЕ

### ЗА ГОЛЕМИНАТА НА УШУРОТ КОЈ ШТО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ВРШАЧКИТЕ К'Е ГО НАПЛАТУВАТ ВО НАТУРА ОД СОПСТВЕНИЦИТЕ ОД ОВРШЕНОТО ЖИТО

1

Сопствениците на вршачките к'е наплатуват за вршидба ушур во натура во големина од 6% од овршените количества жита.

2

Оваа Напатствие стапува на снага веднаш.
Бр. 10149 од 15 VII 1948 год. Скопје.

Министер за трговија и снабдување на НРМ
А. Каневче с. р.

## Содржина


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 158 | Указ за распишување на избори за избор на одборниците за реонските народни одбори на гр. Скопје. | 157 |
| 159 | Решение за поделување на гр. Скопје на четири реона | 157 |
| 160 | Решение за бројот на одборниците на реонските народни одбори на град Скопје | 157 |
| 161 | Наредба на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор на град Куманово за распишување на избори во една изборна единица во село Клечевце, Кумановска околија | 157 |
| 162 | Решение за изменение и дополнение на Решението бр. 6702 од 21 IV 1948 год. на Министерството на трговијата и снабдување за одредување околии и места во поедини околии како нежитородни подрачја на територијата на Н. Р. М. | 158 |
| 163 | Решение за оснивање Работнички техникум на Министерството на Индустрија и Рударство | 158 |
| 164 | Наредба за највисоките цени на земјоделските производи во слободно продавање на подрачјето на Н. Р. М. | 158 |
| 165 | Наредба за одредување на обврзаниот откуп на белите жита на подрачјето на Н. Р. М. | 159 |
| 166 | Напатствие за големината на ушурот кој што сопствениците на вршачките ке го наплатуваат во натура од сопствениците на овршеното жито | 159 |


Издава: Службен весник на Народна Република Македонија — новинско издателско претпријатие Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев — Скопје, ул. Маршал Тито бр. 10 — Тел. 696. Печатница „Гоце Делчев“ Скопје